РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-612
година
СКОПЈЕ
11 -04- 2016

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св. Кирил и Методиј
Природно-математички факултет
СКОПЈЕ
19.04.2016
Вредност:
02-892/10

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15 и 30/16), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Наставна географија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Наставна географија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр. 12-211/2 од 15.03.2016 година за акредитација на студиска програма Наставна географија, прв циклус на Природно-математичкиот факултет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се обрати со барање бр. 09-266/3 од 16.03.2016 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 број 14-612 од 17.03.2016 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведената студиска програма.

Министерот за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-612 од 24.03.2016 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 31.03.2016 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-612 од 24.03.2016 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Наставна географија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

изработил: Биљана Зафировска
контролиран: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити